Елени Бужаровска
Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, Македонија
elenibuzarovska@mt.net.mk

# ДОДАТОК
# ГЛАГОЛСКИ ПАРАДИГМИ ВО РУСКИОТ ЈАЗИК

1. Преглед на нефинитните и финитните глаголски форми во рускиот јазик во основна немаркирана дијатеза

1.1. нефинитни глаголски форми

1.1.1. Инфинитив (неопределеннаја форма)

Се гради со формантите *–ть*, *-ти*, *-чь* од активни глаголи и *-ся*, *-сь* со повратни глаголи во пасивни и рефлексивни конструкции (*строить*, *нести*, *строиться*, *нестись*).

Во рускиот јазик треба да се разликуваат инфинитивна и презентска глаголска основа што служат за градење на други глаголски форми. Инфинитивната се добива со отфрлање на инфинитивните наставки од инфинитивот, дедека презентската со отфрлање на наставката на 3л.мн. презент.

1.1.2. Партицип

1.1.2. Активен партицип

1.1.2.1. Активен партицип сегашно време (*действительное причастие настояещего времени*).

Активниот сегашен партицип се образува како од преодни така и непреодни глаголи од презентските несвршени основи со додавање на суфиксите *–ущ* /*-ющ* - (за глаголите од прва конјугација), *-ия, -ащя, -щ-* (за глаголите од втора конјугација) плус наставките што ги кодираат категориите род (*-ий,-ая, -ое*), број (*-ии*) и падеж (*читащий, говорящая*). Активните партиципи се деклинираат како квалитативните придавки од типот *хороший.*

1.1.2.2. Активен партицип минато време (действительное причастие прошедшего времени)

Активниот минат партицип се формира од несвршена или свршена инфинитивна основа и наставката *-вш-* на која и се додаваат наставките за род (*-ий, -ая, -ое*) и број (*-ии*), на пр. *читавший*, *прочитавшая*.

Партиципите од повратните глаголи се образуваат со додавање на суфиксот *-ся* кон горните композитни наставки. Така, имаме *борящаяся* (сегашен активен партицип) и *боровшаяся* (минат).

1.1.3. Пасивен партицип

1.1.3.1. Пасивен партицип сегашно време (страдательное причастие настоящего времени)

Пасивниот сегашен партицип се образува само од презентската основа на транзитивни глаголи со суфиксот *-м-* на која и се додава наставката за род и број (*-ый*/*-ая*/*-ое*/*-ые*) на пр. *читаемый*, *говоримый*.

1.1.3.2. Пасивен партицип минато време (страдательное причастие прошедшего времени)

Пасивниот минат партицип се формира главно од свршени глаголи, но може и несвршени. На инфинитивната основа и се додава наставката *-нн-*, *-енн-* или

–*т*-, плус наставкита за род и множина -*ый*/*ая*/*ое*/*ые* (*сделанный*/*деланный*, *унесенный*, *сшитый*).

1.1.3.2.1. Кратка форма на пасивен партицип минато време

Активните глаголски форми имаат само долга форма, додека пасивните- долга и кратка. Почесто се среќава формата образувана од свршени глаголски основи на која и се додава редуцираната партиципна (придавска) наставка (пенултиматичен конституент).

Кратките партиципи не се деклинираат и се употребуваат само во предикативна функција. Тие ја зафаќаат постноминалната позиција во именската синтагма: *засеяное поле*, *прочитаная книга*: *поле засеяно*, *книга прочитана*. Во сегашно време, за разлика од идно и минато, кратките партиципи се употребуваат без копулата *быть*.

1.1.4. Глаголски прилог (деепричастие)

Глаголски прилог главно се образува од основите на несвршени глаголски форми со помош на суфиксот -*я*/*а* (*говоря*, *крича*). На повратните глаголи им се додава суфиксот –*сь* (*купаться-купаясь*).

Глаголски прилог може да се формира од свршени глаголски основи. Во тој случај тој има антериорно значење: *увидя*, *принеся*.

1.2. Финитни глаголски форми

1.2.1. Индикатив

1.2.1.1. Презентски форми

1.2.1.1.1. Презент од глаголи со несвршен вид

Повеќето несвршени глаголски форми најчесто се градат од свршените форми со суфиксација и со суплетивизам (*брать*, *взять*). Следните суфикси се користат во процесот на имперфективизација: -*ива*, -*ыва* (*дочитать*, *дочитывать*), -*ва*- (*дать*, *давать*; *встать*, *вставать*, но **даваю*, *вставаю*), како и суфиксот -*а*- (*получить*, *получать*).

Личните наставки на глаголите ги кодираат категориите лице и број. Постојат две презентски парадигми на лични наставки според кои се менуваат руските глаголи. Во првата конјугација спаѓаат глаголите со вокалот -*е* во наставките на 2 и 3 лице еднина и 1 и 2 лице множина, додека втората конјугација ја сочинуваат глаголите со вокалот -*и* во истите наставки:

| | **1 конј.** | **2 конј.** | **1 конј.** | **2 конј.** |
|---|---|---|---|---|
| Лице | Еднина | | Множина | |
| 1. | -у /-ю | -у /-ю) | -ем | -им |
| 2. | -ешь | -ишь | -ете | -ите |
| 3. | -ет | -ит | -ут/ют | -ат/ят |

Личните наставки се додаваат на презентската основа со што се образуваат форми кои се употребуваат за изразување на сегашно време. Подолу следи промена на глаголот *идти* (прва конјугација) и *молчать* (втора конјугација).

| еднина | множина |
|---|---|
| 1. я иду, я молчу | мы идем, мы молчим |
| 2. ты идешь, ты молчишь | вы идете, вы молчите |
| 3. он идет, он молчит | они идут, они молчат |

Кај поголем број глаголи од прва конјугација презентската основа се совпаѓа со инфинитивната основа. Сите глаголи чија инфинитивна основа завршува на -и спаѓаат во втора конјугација со исклучок на неколку глаголи на *-ать* и *-еть*.

1.2.1.1.2. Презент од глаголи со свршен вид

Презентот се гради од свршените глаголски основи и сегашни лични наставки на сличен начин како и несвршените форми. Перфективните презентски форми носат модално значење па затоа се употребуваат за изразување на нефактивни категории како што се идност и ред други модални содржини.

1.2.1.2. Форми за футур

1.2.1.2.1. Футур од глаголи со несвршен вид

Футурот се гради аналитички со личните форми на помошниот глагол *быть* и несвршената инфинитивна форма од глаголот: *буду*, *будешь*, *будет*, *будем*, *будете*, *будут играть*.

1.2.1.2.2. Футур од глаголи со свршен вид: не постојат посебни форми

1.2.1.3. Форми за претерит

Претеритот се формира од *л*-партиципните форми кои ги кодираат категориите број и род во еднина (со наставката *-а*/*е*), додека во множина категоријата род се неутрализира со настаставката -и. Кај една помала група глаголи отпаѓа финалното *-л* заради морфофонолошки промени (*вытер*, *нес*); кај секундарни имперфективни глаголи финалното *-л* отпаѓа заедно со суфиксот *-ну-* (*сох*/**сохнул*; *мерз*/**мерзнул*).

1.2.1.3.1. Претерит од глаголи со несвршен вид

я, ты, он/а/о делал(а/о), мы, вы, они делали

2.1.3.2. Претерит од глаголи со свршен вид

я, ты, он/а/о сделал(а/о), мы, вы, они сделали

1.2.2. Императив (*повелительное наклонение*)

Императивот обично се гради од свршена или несвршена презентска основа со додавање на наставката *-и*/*й* во второ лице еднина и наставката *-те* во 2 лице множина.

| | |
|---|---|
| неси/те | делай/те |
| принеси/те | сделай/те |

Повратните глаголи додатно го користат суфиксот *-ся* во еднина и *-сь* во множина.

| | | активни | повратни |
|---|---|---|---|
| несвр. основа | (2л): | решай, решайте! | решайся, решайтесь! |
| | (1л/мн): | будемте решать! | будемте решаться! |
| свр. основа | (2л): | реши, решите! | решись, решитесь! |
| | (1л/мн): | - | |

Негираните императиви обично се прават од имперфективни глаголи. Употребата на свршениот вид и дава на забраната значење на предупредување или закана.

1.2.3. Потенцијал (*сослагательное наклонение*)

Потенцијалниот начин се формира со помош на модалната честица *бы* и претеритната форма од несвршени или свршени глаголи (*бы делал*/*бы сделал*). Во

разговорниот јазик *бы* се скратува до *б*. Синтагматската позиција на честицата *бы* не е фиксирана така што таа може да стои пред или после глаголската форма (*бы делал/делал бы*).

2. **Преглед на финитните глаголски форми во рускиот јазик во маркирана дијатеза**

Рускиот располага само со глаголски форми за пасив - не постојат посебни форми за медиопасив.

2.1. Форми за пасив во презент

Се образуваат со нулти експонент на копула *быть*+ кратка форма на пасивен партицип минато време свјав којашто разликува категорија род и број: сделан/-а/-о/-*ы*

2.2. Форми за пасив во футур

Пасивниот футур се формира со *буду* - футурната форма на копула *быть* + кратка форма на пасивен партицип минато време од св.в. Првиот конституент на перифрастичната конструкција се менува по лице и број, додека вториот е носител на наставки што се категоријално определени по род и број: *будет сделан/-а/-о/-ы*.

2.3. Форми за пасив во претерит

Пасивните претеритни форми се образуваат со мината форма на копула (*быть*) *был* + кратка форма на пасивниот партицип минато време од св.в. И двата члена на конструкцијата се категоријално определени по род и број: *был/-а/-о/-и сделан/-а/-о/-ы*

2.4. Форми за пасив во императив

Пасивните императивни форми се градат од императив на копулата *быть*+ кратка форма на пасивниот минат партицип маркирана по род и број: *будь/будьте готов/-а/-о/-ы*.

2.5. Форми за пасив во потенцијал

Пасивниот потенцијал се формира со модалната честица *бы* која се вметнува меѓу *был*, формата за минато време на копула *быть*, и кратката форма на пасивниот партицип минато време св.в: *был/-а/-о/-и бы сделан/-а/-о/-ы*.